# Приложено упатство за TruSight™ Oncology Controls

ЗА ДИЈАГНОСТИЧКА УПОТРЕБА IN VITRO
САМО ЗА ИЗВОЗ

## Содржина


Намена ... 2
Опис на производот ... 2
Ограничувања ... 3
Компоненти на производот ... 4
Чување и ракување ... 4
Предупредувања и мерки на претпазливост ... 4
Упатство за употреба ... 4
Карактеристики на перформансите ... 5
Претходни ревизии ... 7
Патенти и трговски марки ... 8
Информации за контакт ... 8
Означување на производот ... 8

# Намена

TruSight Oncology Controls, што се состои од TruSight Oncology DNA Control и TruSight Oncology RNA Control, се наменети за квалитативна дијагностичка употреба *in vitro* како контрола на квалитет за следење на аналитичките перформанси при чекорите за подготовка, секвенционирање и анализа на библиотечниот материјал на молекуларни дијагностички анализи засновани на секвенционирање од следната генерација (Next Generation Sequencing (NGS)) што се користат за детекција на избраните варијанти од ДНК и РНК. Овој производ е наменет и да помогне во следењето на перформансите на системот за тестирање NGS така што се детектираат аналитичките отстапувања како што се оние кои би можеле да се јават поради варијации на реагенсот или, пак, поради инструментот при генетското тестирање.

# Опис на производот

TruSight Oncology (TSO) Controls се состои од два посебни производи: TSO DNA Control (Контрола за ДНК) и TSO RNA Control (Контрола за РНК).

TSO DNA Control е повеќекратна мешавина на биосинтетичка ДНК во заднина на клеточна ДНК DM24385. Содржи 40 варијанти во 28 гени кои претставуваат единечни нуклеотидни варијанти, инсерции, делеции и преуредувања (Табела 1).

Табела 1 Варијанти што се присутни во TSO DNA Control

| COSMIC ID | Ген | Промена на нуклеотид | Промена на аминокиселина |
|---|---|---|---|
| COSM33765 | AKT1 | c.49G>A | p.E17K |
| COSM13127 | APC | c.4348C>T | p.R1450* |
| COSM18561 | APC | c.4666dup | p.T1556Nfs*3 |
| COSM21924 | ATM | c.1058_1059del | p.C353Sfs*5 |
| COSM476 | BRAF | c.1799T>A | p.V600E |
| COSM5664 | CTNNB1 | c.121A>G | p.T41A |
| COSM12378 | EGFR | c.2310_2311insGGT | p.D770_N771insG |
| COSM6225 | EGFR | c.2236_2250del | p.E746_A750del |
| COSM6224 | EGFR | c.2573T>G | p.L858R |
| COSM6240 | EGFR | c.2369C>T | p.T790M |
| COSM682 | ERBB2 | c.2313_2324dup | p.Y772_A775dup |
| COSM715 | FGFR3 | c.746C>G | p.S249C |
| COSM783 | FLT3 | c.2503G>T | p.D835Y |
| COSM33661 | FOXL2 | c.402C>G | p.C134W |
| COSM52969 | GNA11 | c.626A>T | p.Q209L |
| COSM28758 | GNAQ | c.626A>C | p.Q209P |
| COSM27887 | GNAS | c.2530C>T | p.R844C |
| COSM28747 | IDH1 | c.394C>T | p.R132C |
| COSM12600 | JAK2 | c.1849G>T | p.V617F |
| COSM1314 | KIT | c.2447A>T | p.D816V |
| COSM521 | KRAS | c.35G>A | p.G12D |
| COSM18918 | MPL | c.1544G>T | p.W515L |
| COSM17559 | NPM1 | c.860_863dup | p.W288Cfs*12 |

| COSMIC ID | Ген | Промена на нуклеотид | Промена на аминокиселина |
|---|---|---|---|
| COSM584 | NRAS | c.182A>G | p.Q61R |
| COSM736 | PDGFRA | c.2525A>T | p.D842V |
| COSM28053 | PDGFRA | c.1694_1695insA | p.S566Qfs*6 |
| COSM763 | PIK3CA | c.1633G>A | p.E545K |
| COSM775 | PIK3CA | c.3140A>G | p.H1047R |
| COSM12464 | PIK3CA | c.3203dup | p.N1068Kfs*5 |
| COSM5809 | PTEN | c.800del | p.K267Rfs*9 |
| COSM4986 | PTEN | c.741dup | p.P248Tfs*5 |
| COSM965 | RET | c.2753T>C | p.M918T |
| COSM14105 | SMAD4 | c.1394dup | p.A466Gfs*28 |
| COSM6530 | TP53 | c.723del | p.C242Afs*5 |
| COSM10648 | TP53 | c.524G>A | p.R175H |
| COSM10662 | TP53 | c.743G>A | p.R248Q |
| COSM10660 | TP53 | c.818G>A | p.R273H |
| COSM18610 | TP53 | c.267del | p.S90Pfs*33 |
| не е применливо | NCOA4-RET | не е применливо | не е применливо |
| не е применливо | TPR-ALK | не е применливо | не е применливо |

TSO RNA Control е повеќекратна мешавина на транскрипти од РНК во заднина на клеточна РНК GM24385. Содржи 16 фузии во 26 гени и 2 варијанти на спојување во 2 гени (Табела 2). За фузиите прво е наведен партнерот 5', а по цртичката е наведен партнерот 3'.

Табела 2 Варијанти што се присутни во TSO RNA Control

| Варијанта | Варијанта | Варијанта |
|---|---|---|
| CCDC6-RET | FGFR3-TACC3 | SLC45A3-BRAF |
| CD74-ROS1 | KIF5B-RET | TFG-NTRK1 |
| EGFR-SEPT14 | LMNA-NTRK1 | TMPRSS2-ERG |
| EML4-ALK | NCOA4-RET | TPM3-NTRK1 |
| ETV6-NTRK3 | PAX8-PPARG | EGFR VIII |
| FGFR3-BAIAP2L1 | SLC34A2-ROS1 | MET Exon 14 |

# Ограничувања

**За дијагностичка употреба *in vitro*.**

Резултатите наведени на етикетата се добиени со репрезентативна анализа. Карактеристиките на перформансите се само за информативни цели. Резултатите од детекција на варијантите со TruSight Oncology Controls може да се разликуваат во зависност од методот на подготовка на библиотечниот материјал, методот на секвенционирање и од биоинформатичките процеси. Крајниот корисник е одговорен да ги утврди сопствените критериуми за перформанси што се соодветни за неговиот систем.

Illumina® нема извршено евалуација на детекцијата на NCOA4-RET и TPR-ALK во TruSight Oncology DNA Control.

# Компоненти на производот

| Производ | Каталошки број | Количина | Волумен | Концентрација* | Активни состојки | Температура на чување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| TruSight Oncology DNA Control | 20065041 | 1 | 25 µl | 20 ng/µL | Синтетичка ДНК група | -25 °C до -15 °C |
| TruSight Oncology RNA Control | 20065042 | 1 | 25 µl | 25 ng/µL | Синтетичка РНК група | -85 °C до -65 °C |

*Дадена е минималната концентрација Вистинската концентрација варира од една до друга серија и е наведена на етикетата од епруветата.

# Чување и ракување

Кога TSO DNA Control се чува на температура од -15 °C или пониска, останува стабилен до рокот на траење што е испечатен на етикетата и на кутијата од комплетот. Епруветата може да издржи 10 циклуси на замрзнување-одмрзнување кога се користи повеќе пати. За да не дојде до контаминација, придржувајте се до добрите лабораториски практики.

Кога TSO RNA Control се чува на температура од -65 °C или пониска, останува стабилен до рокот на траење што е испечатен на етикетата и на кутијата од комплетот. Епруветата може да издржи 10 циклуси на замрзнување-одмрзнување кога се користи повеќе пати. За да не дојде до контаминација, придржувајте се до добрите лабораториски практики.

Не аликвотирајте.

# Предупредувања и мерки на претпазливост

- Внимавајте да не дојде до вкрстена контаминација.
- При ракување со производот придржувајте се до соодветните лабораториски практики.
- Користете нов потрошен лабораториски прибор и нови продолжетоци за пипети помеѓу примероците и помеѓу дозирањето.
- Користете продолжетоци кои се отпорни на аеросол за да го намалите ризикот од вкрстена контаминација.
- Придржувајте се до правилната процедура за анализа и земете ги предвид предупредувањата и мерките на претпазливост во поглед на безбедноста, лабораторијата и анализата.
- Придржувајте се до рутинските лабораториски мерки за претпазливост. Не пипетајте преку уста. Не јадете, не пијте и не пушете во просториите означени за работа. Кога ракувате со производот, носете ракавици за една употреба и лабораториски мантил. По ракувањето со производот, темелно измијте ги рацете.
- Користете епрувети на микроцентрифуга, плочи, продолжетоци за пипети и резервоари без нуклеаза.
- Користете прецизни пипети за да осигурите точна испорака на производот. Вршете редовна калибрација во согласност со спецификацијата од производителот.
- Не користете го TSO Controls по наведениот рок на траење наведен на етикетата од епруветата.

# Упатство за употреба

Упатството се однесува и за TSO DNA Control (контрола за ДНК) и за TSO RNA Control (Контрола за РНК).

1. Содржината одмрзнете ја врз мраз.
2. Полека измешајте во vortex-мешалка или пак превртете ја епруветата горе долу, а потоа накратко центрифугирајте ја епруветата за да ја соберете содржината од нејзиното дно.

3 Во соодветен пуфер, разредете до саканата концентрација. Кога правите пресметки за разредувањето, користете ја вистинската концентрација наведена на етикетата од епруветата за дадената серија на контрола, доколку е потребно разредување.
   За TSO DNA Control се препорачува разредувачот Tris-EDTA (10 mM Tris, 1 mM EDTA, pH 8,0). За TSO RNA Control се препорачуваат разредувачите ДНК-аза и РНК-аза без вода.
4 Тестирајте ја контролата како примерок за анализа заедно со примероците за анализа.
5 Помеѓу употребите чувајте го во согласност со условите наведени на етикетата.

# Карактеристики на перформансите

TSO Controls се тестирани во неколку надворешни центри, од повеќе оператори и серии при што како репрезентативна анализа се користеше TruSight Oncology Comprehensive (TSO Comprehensive).

TSO DNA Control е тестирана со TSO Comprehensive. TSO DNA Control е разредена во пуфер Tris-EDTA и како влезен примерок се искористени 40 ng. Во секој од трите надворешни центри имаше по двајца оператори во секој од нив, кои извршија тестирање на три серии од TSO DNA Control во комбинација со три серии од комплетите за анализа TSO Comprehensive. Библиотечниот материјал е секвенциониран со секвенционери NextSeq 550Dx. За TSO DNA Control беа генерирани вкупно 112 резултати од примероци. Има вкупно 24 резултати по примерок, за вкупно 2688 проценети очекувани резултати.

За проценка на можноста за репродуцирање на TSO DNA Control е избрана репрезентативна група варијанти која опфаќа повеќе видови варијанти од опсегот на гени кои се поврзани со рак (Табела 3).

Табела 3 Варијанти на TSO DNA Control кои се избрани за репродуцирање

| **Варијанта** | **Варијанта** | **Варијанта** | **Варијанта** |
|---|---|---|---|
| AKT1 E17K | EGFR E746_A750del | KIT D816V | PTEN P248Tfs*5 |
| APC R1450* | ERBB2 Y772_A775dup | KRAS G12D | RET M918T |
| APC T1556Nfs*3 | GNA11 Q209L | MPL W515L | SMAD4 A466Gfs*28 |
| ATM C353Sfs*5 | GNAQ Q209P | NRAS Q61R | TP53 R175H |
| CTNNB1 T41A | GNAS R844C | PDGFRA D842V | TP53 R248Q |
| EGFR L858R | JAK2 V617F | PIK3CA E545K | TP53 R273H |

Резултатите се сумирани во Табела 4. Точните одредувања се направени врз основа на детекција на 24-те варијанти во Табела 3.

Табела 4 Евалуација на TSO DNA Control од страна на надворешен центар

| **Центар** | **Оператор од центарот** | **број на циклуси** | **вкупно очекувани одредувања** | **% на запазени позитивни одредувања** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 3 | 432 | 94,9 % |
| 1 | 2 | 3 | 432 | 94,4 % |
| 2 | 1 | 3 | 432 | 100 % |
| 2 | 2 | 3 | 432 | 100 % |
| 3 | 1 | 4 | 528 | 100 % |
| 3 | 2 | 3 | 432 | 100 % |
| | Вкупно | 19 циклуси | 2688 одредувања | Точност од 98,3 % |

TSO RNA Control е тестирана со TSO Comprehensive. TSO RNA Control е разредена во РНК-аза и ДНК-аза без вода, а како влезен примерок се искористени 40 ng. Во секој од трите надворешни центри имаше по двајца оператори во секој од нив, кои извршија тестирање на три серии од TSO RNA Control со четири серии од комплетите за анализа TSO Comprehensive. Библиотечниот материјал е

секвенциониран со секвенционери NextSeq 550Dx. За TSO RNA Control беа генерирани вкупно 96 резултати од примероци. Има вкупно 13 резултати по примерок, за вкупно 1248 проценети очекувани одредувања.

За проценка на можноста за репродуцирање на TSO RNA Control е избрана репрезентативна група варијанти која опфаќа повеќе фузии и варијанти на спојување од опсегот на гени кои се поврзани со рак (Табела 5).

Табела 5 Варијанти на TSO RNA Control кои се избрани за репродуцирањето

| Варијанта | Варијанта | Варијанта | Варијанта |
|---|---|---|---|
| CCDC6-RET | FGFR3-BAIAP2L1 | SLC45A3-BRAF | MET Exon 14* |
| CD74-ROS1 | KIF5B-RET | TFG-NTRK1 | не е применливо |
| EML4-ALK | NCOA4-RET | TMPRSS2-ERG | не е применливо |
| ETV6-NTRK3 | PAX8-PPARG | TPM3-NTRK1 | не е применливо |

* MET Exon 14 е варијанта на спојување. Сите други варијанти се фузии на гени.

Резултатите се сумирани во Табела 6. Точните одредувања се направени врз основа на детекција на 13-те варијанти во Табела 5.

Табела 6 Евалуација на TSO RNA Control од страна на надворешен центар

| Центар | Оператор од центарот | број на циклуси | вкупно очекувани одредувања | % на запазени позитивни одредувања |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 8 | 208 | 100 % |
| 1 | 2 | 8 | 208 | 100 % |
| 2 | 1 | 8 | 208 | 100 % |
| 2 | 2 | 8 | 208 | 100 % |
| 3 | 1 | 8 | 208 | 99 % |
| 3 | 2 | 8 | 208 | 100 % |
| | Вкупно | 48 циклуси | 1248 одредувања | Точност од 99,8% |

# Претходни ревизии

| Документ | Датум | Опис на промената |
|---|---|---|
| Документ # 200009919 v01 | Април 2022 година | Додадена ознака САМО ЗА ИЗВОЗ. |
| Документ # 200009919 v00 | Ноември 2021 година | Прво издание. |

# Патенти и трговски марки

Овој документ и неговата содржина се сопственост на Illumina, Inc. и нејзините филијали („Illumina“) и се наменети исклучиво за договорна употреба од страна на нејзините клиенти во врска со употребата на производот(-ите) опишани овде и за никаква друга цел. Овој документ и неговата содржина не смеат да се користат или дистрибуираат за никаква друга цел и/или на друг начин да се пренесуваат, обелоденуваат или репродуцираат без претходна писмена согласност од Illumina. Со овој документ Illumina не пренесува никаква лиценца заштитена со патент, трговска марка, авторско право или обичајни и слични права на трети страни.

Квалификуваниот и соодветно обучен персонал мора строго и без никакви отстапки да се придржува до упатствата дадени во овој документ, за да се осигури правилна и безбедна употреба на производот(-ите), опишани во него. Пред да започнете да ги користите таквите производи, мора да ја прочитате целата содржината на овој документ и да ја разберете.

ДОКОЛКУ НЕ ГИ ПРОЧИТАТЕ ЦЕЛОСНО И НЕ СЕ ПРИДРЖУВАТЕ ДО УПАТСТВАТА ДАДЕНИ ВО ОВОЈ ДОКУМЕНТ, МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ОШТЕТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДОТ (-ИТЕ), ПОВРЕДИ НА КОРИСНИЦИТЕ ИЛИ ДРУГИ ЛИЦА, И ОШТЕТУВАЊЕ ДРУГА СОПСТВЕНОСТ, СО ШТО СЕ ПОНИШТУВААТ СИТЕ ГАРАНЦИИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРОИЗВОДОТ (-ИТЕ).

ILLUMINA НЕ ПРЕЗЕМА НИКАКВА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИТЕ КОИ НАСТАНАЛЕ ПОРАДИ НЕПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДОТ КАКО ШТО Е ОПИШАНО ОВДЕ (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И НЕГОВИТЕ ДЕЛОВИ ИЛИ СОФТВЕР).

© 2022 Illumina, Inc. Сите права се задржани

Сите трговски марки се сопственост на Illumina, Inc. или на нивните соодветни сопственици. Подетални информации за трговските марки побарајте на www.illumina.com/company/legal.html.

# Информации за контакт

Illumina
5200 Illumina Way
San Diego, California 92122 САД
+1.800.809.ILMN (4566)
+1.858.202.4566 (надвор од Северна Америка)
techsupport@illumina.com
www.illumina.com

IVD

EC REP

Illumina Netherlands B.V.
Steenoven 19
5626 DK Eindhoven
Холандија

# Означување на производот

Целосното објаснување на симболите кои може да се појават на пакувањето и на етикетите на производот може да го најдете во легендата со симболи за вашиот комплет на support.illumina.com.